**ЗАПИСНИК**

***од Четиринаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 26.04.2010 година, Уставна сала, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 11.20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа: претставници на Делегацијата на Европска унија во Република Македонија г. Патрик Паке раководител на Одделот за политика и информации и г-ѓа Марина Курте политички советник во Делегацијата на ЕУ, г-ѓа Ингрид Свенсон втор секретар во Амбасадата и г-ѓа Јана Лозановска-соработник, во својство на претставници од Амбасадата на Кралството Шведска.

На седницата присуствуваа: г. Петар Поп Арсов, г. Џеват Адеми, г. Александар Спасеновски, г. Тито Петковски и г. Кенан Хасипи пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Васко Наумовски заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставниците на Советот: г-ѓа Љубица Нури од Стопанската комора на Македонија, г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, г. Живко Митревски в.д. претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Дојчин Цветановски од Конфедерацијата на слободни синдикати и г. Слободан Антевски, претседател на Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија. На седницата присуствуваа г. Тони Павловски, претставник од Министерството за надворешни работи, претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

За седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

*- Усвојување на записникот од Тринаесеттата седница одржана на 18 март 2010 година*

1. Информација за реализација на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ

2. Усвојување на заклучоци од јавната расправа по Предлогот на законот за здруженија и фондации, одржана на 23 февруари 2010 година.

3. Усвојување на заклучоци од јавната расправа по Предлогот на законот за јавните службеници, одржана на 24 февруари 2010 година.

4. Усвојување на заклучоци од јавна расправа на тема "Обновливи извори на енергија - Може ли Германското искуство да и помогне на Република Македонија ", одржана на 24 март 2010 година и

5. Тековни прашања

Записникот од Тринаесетатта седница, одржана на 18 март 2010 година, беше усвоен едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Информација за реализација на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ;**

Целта на Информацијата подготвена од Секретаријатот за европски прашања е редовно да се информира Собранието на Република Македонија како и соодветните собраниски тела, за степенот на спроведување на Националната програма. Информацијата го опфаќа периодот на реализација од 01.01.2010 година до 31.03.2010 година.

Во информацијата се содржани донесените закони, подзаконски акти, зајакнувањето на административните капацитети, како и превземените активности кои придонесуваат за подобрување на спроведувањето на законодавството во делот на политичките и економските критериуми и 33-те поглавја на acquis.

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, кој информираше дека во првото тримесечие од годината, Владата на Република Македонија има усвоено 43 закони од предвидените 106 планирани за 2010 година. Од нив 33 закони се донесени и објавени во "Службен весник на Република Македонија", додека останатите 10 предлог закони се во Собраниска процедура.

Дополнително околу 15 закони се наоѓаат во владина процедура или во фаза на меѓуресорска консултација.

Во однос на динамиката на усвојување на подзаконските акти, донесени и објавени во "Службен весник на Република Македонија", се вкупно 58 акти, а дополнителни 41 поднесени акти се во владина постапка или во постапка на меѓуресорска консултација. Имајќи го предвид темпото на реализација на активностите

во изминатите три месеци, се очекува дека сите активности предвидени за 2010 година да бидат навремено реализирани.

Во дискусијата учествуваа г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Петар Поп Арсов, г. Тито Петковски и г. Кенан Хасипи, пратеници и членови на Советот, г. Димитар Мирчев, член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г-ѓа Љубица Нури претставник од Стопанската комора на Македонија и Александар Кржаловски претставник на Граѓанската платформа на Македонија.

**ТОЧКА 2:**. Советот ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за здруженија и фондации, одржана на 23 февруари 2010 година.

**ТОЧКА 3:** Советот ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за јавните службеници, одржана на 24 февруари 2010 година.

**ТОЧКА 4:** Советот ги усвои заклучоците од јавната расправа на тема "Обновливи извори на енергија - Може ли Германското искуство да и помогне на Република Македонија", одржана на 24 март 2010 година.

**ТОЧКА 5: Тековни прашања**

Во однос на прашањето за учеството на невладините организации во работата на Националниот совет за евроинтеграции, Советот на Четиринаесетатта седница одржана на 26 април 2010 година ги донесе следниве

Заклучоци:

1. Најавите за организирање на јавни расправи организирани од Националниот совет за евроинтеграции, кои се однесуваат на различни прашања кои се дел од процесот на евроинтеграција, се објавуваат на интернет страницата на Собранието на Република Македонија, 5 дена пред нивно одржување. На јавните расправи можат да учестуваат сите заинтересирани невладини организации и професионални здруженија, кои во периодот пред оддржувањето своето присуство го пријавиле во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

2. Невладините организации кои имаат добиено согласност од Националниот совет за евроинтеграции имаат право да ја следат работата на Советот, без право за дискусија на седниците на Советот.

Седницата на Советот заврши во 12.40 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Четиринаесеттата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

30-1591/15
25-10-2010

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Силвана Бонева**

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

Изработил : Ј.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска